Македонско здружение на млади правници
МЗМП - Скопје
Бр. 0201 - 608/5
24.09 2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 18 и 23 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија 52/2010 и 135/2011), Статутот на Македонското здружение на млади правници и Записникот од Собранието одржано на 23 ти септември 2014 година, Собранието го донесе следниот:

# СТАТУТ
## на
# МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ

***Пречистен текст***

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Здружението на граѓани "*Македонско здружение на млади правници*" е стручна невладина организација, формирана со слободно здружување на граѓаните, за да ги обедини младите правници, да се залага за нивна континуирана едукација и насочување, со цел да се подигне квалитетот и професионалноста во правната заедница и да се зајакне принципот на владеење на правото во Република Македонија.

### Член 2

Името на здружението на граѓани е: Македонско здружение на млади правници.

Скратеното име на здружението на граѓани е: МЗМП.

Во меѓународната комуникација здружението ќе го користи следниот назив на англиски јазик: Macedonian Young Lawyers Association.

Седиштето на здружението се наоѓа во Скопје на ул. Златко Шнајдер бр.4А 1/3, 1000 Скопје.

### Член 3

МЗМП како здружение на граѓани своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Македонија, релевантните законски одредби, Статутот и внатрешните акти на здружението.

Во рамките на МЗМП се забранува политичко и верско организирање.

Ниту еден член на организацијата не смее да го користи своето членство како начин за реализација на политички интереси.

### Член 4

МЗМП има амблем.

Амблемот се состои од стилизирана фигура на вага и хоризонтална лента на која се испишани зборовите "IUVENTUS CUPIDA LEGUM ".

Амблемот ќе биде резервиран за употреба и бенефиција на членовите на организацијата.

Секој од членовите има право да го носи и прикажува амблемот за време на своето членство, а тоа право се губи со престанокот на членството.

МЗМП има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението: Македонско здружение на млади правници - Скопје, а во средината се наоѓа амблемот.

Штембилот е правоаголен и на него е испишан следниот текст:

Македонско здружение

на млади правници-Скопје

Број______

______/___година

Скопје

Логото на МЗМП го избира Собранието по претходно спроведена постапка за прибирање на повеќе идејни решенија.

**Член 5**

Со посебна одлука на Управниот одбор може да развива различни облици на соработка со други организации од земјата и странство, кои имаат сродни програмски цели и да членува во нив.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА МЗМП

**Член 6**

МЗМП ги има следниве цели и задачи:

- преставување на младите правници и застапување на нивните интереси во Република Македонија и во странство;
- унапредување и јакнење на правничката професија како еден од најзначајните општествени сегменти преку обуки, дебати и кампањи;
- образование, професионално насочување усовршување на младите правници;
- промоција на општествените активности на младите правници кои ќе ги развиваат индивидуалните лидерски способности;
- остварување соработка со сите релевантни институции во Република Македонија и странство во процесот на унапредување на владеењето на правото и правната држава;
- учество во реформите на сите сфери на правниот систем на Република Македонија;
- активно слѐдење и учество во процесот на приближување и хармонизација со европското законодавство;
- давање на бесплатна правна помош (правни совети и застапување пред надлежни органи) на граѓани и други лица.
- промоција и заштита на човековите права и владеење на правото преку обезбедување правна помош и стратешко водење на постапки.
- подигање на јавната свест за правната професија.

## КОДЕКС НА ЕТИКА

### Член 7

Членовите на МЗМП се должни да го почитуваат следниот Кодекс на етика:

- да не постапуваат спротивно принципите и интересите на МЗМП
- да ја покажат вербата во вредноста на правничката професија и преку успех во работата да го оправдаат нејзниото достоинство;
- да спречуваат секакви обиди за искористување и злоупотреба на професионалната положба;
- да запомнат дека за нивниот успех не е потребно да ги спречуваат другите во нивниот, да бидат лојални на клиентите и искрени кон себе;
- секогаш да ги имаат на ум должностите како граѓани на Република Македонија и да бидат лојални на правните начела.

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО МЗМП

### Член 8

Член на МЗМП може да биде секој дипломиран правник кој е државјанин на Република Македонија, на возраст до 35 години, кој ќе го прифати Статутот и програмата на МЗМП.

По предлог на Управниот одбор, Собранието со акламација избира почесни членови на МЗМП.

Член на МЗМП се станува во постапка предвидена со овој Статут.

Здружението води регистар на членови и евиденција на членовите на органите. За ажурирање на регистарот за членови задолжен е секретар именуван од страна на Управниот одбор.

Податоците за членовите на МЗМП и членовите на органите за управување на МЗМП се чуваат и обработуваат во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

### Член 9

Секој член ги има следниве права, должности и одговорности:

- да го почитува Статутот, и другите акти на МЗМП и одлуките кои ги носат органите на МЗМП.
- активно да учествува во остварувањето на целите, задачите и програмата на МЗМП, како и активностите кои од нив произлегуваат;
- да учествува во утврдувањето и спроведувањето на активностите на сите нивоа на организирање преку иницирање, подготовка и реализација на проекти во насока на целите, задачите и програмата на МЗМП од страна на органите и телата на МЗМП;
- да бира и да биде биран во органите на МЗМП ;
- редовно да биде информиран за активностите на МЗМП;
- за своите активности одговара пред соодветните органи и тела на МЗМП;
- редовно плаќа членарина;

— остварува и други права, должности и одговорности што произлегуваат од овој Статут и другите акти на МЗМП.

## ПОСТАПКА ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ

### Член 10

Барање за членство во МЗМП може да поднесе секое лице доколку ги исполнува условите од член 6.

Барањето се поднесува до МЗМП лично во канцелариите на МЗМП, по пошта или по електронски пат.

По приемот на барањето за членство, проверката дали лицето ги исполнува условите предвидени со член 6, и уплатата на годишна членарина, секретарот го запишува лицето во регистарот на членови на МЗМП.

По приемот на барањето за членство, проверката дали лицето ги исполнува условите предвидени со член 6 ја врши секретарот и истиот го известува УО за сите примени барања за членство на неделно ниво.

УО ги разгледува примените барања за членство и го известува Секретарот за одлуката во однос на истите по електронски пат. Секретарот го известува лицето за обврската да изврши уплата на годишна членарина, и доколку ја изврши уплатата истиот се запишува во регистарот на членови на МЗМП.

### Член 11

Од приемот на известување дека барањето за прием на членство е одобрено, лицето ги стекнува сите права, должности и одговорности на член на МЗМП.

## ТАКСИ И ЧЛАНАРИНА

### Член 12

Секое лице при зачленувањето во МЗМП има должност да уплати членарина.

Управниот одбор на МЗМП на почетокот на секоја календарска година носи одлука за износот на годишната членарина за членовите на МЗМП.

## ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА ЧЛЕНОВИТЕ

### Член 13

Во случај на постапување на членовите спротивно на одредбите на овој Статут и останатите внатрешни акти на МЗМП со што се наштетува на честа и угледот на МЗМП, ќе се спроведе постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на членовите.

Постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на членовите ќе ја спроведува дисциплинска комисија формирана со одлука на Управниот одбор. Дисциплинската комисија мора да донесе конечна одлука во дисциплинската постапка во рок од триесет (30) дена, од денот на основањето на комисијата.

Начинот на спроведување на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на членовите е предмет на уредување на посебен правилник, кој ќе биде истакнат на огласна табла во седиштето на МЗМП со што ќе им се овозможи на членовите пристап до истиот.

## ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВОТО

### Член 14

Членството во МЗМП престанува по следниве основи:

- ако членот достави писмена изјава со која истапува од МЗМП;
- ако по наод на дисциплинската комисија, а со долука на Управниот одбор членот ги прекршил одредбите на Статутот на МЗМП;
- ако членот не ја обновил својата членарина во период од шест (6) месеци по истекување на истата;
- со настапување на горната старосна граница за зачленување.
- смрт и други случаи предвидени со закон.

## ОРГАНИ НА МЗМП

### Член 15

Органи на МЗМП се:

- Собрание;
- Управен одбор;
- Претседател;
- Стручни служби
- Комисии.

## СОБРАНИЕ

### Член 16

Собранието е највисок орган на МЗМП.

Собранието го сочинуваат сите членови на МЗМП со уредно регулирана членарина.

### Член 17

Собранието ги има следниве права, должности и одговорности:

- избира Претседател;
- избира членови на Управниот одбор;
- ги донесува Статутот и програмата и други акти на МЗМП и врши нивни измени и дополнувања;
- ја усвојува стратегијата за работа на здружението.
- ги усвојува завршната сметка и финансискиот план на МЗМП;
- го усвојува Годишниот извештај за работа изготвен од Управниот одбор;
- одлучува за основање и укинување на огранoци и други облици на организирање на МЗМП ;
- одлучува за избор на почесни членови;
- одлучува за престанок на работата на МЗМП со 2/3 мнозинство;
- одлучува за сите други прашања во согласност со статутот и актите на здружението.

**Член 18**

Собранието на МЗМП работи на седници.

Редовно годишно собрание на МЗМП се одржува најмалку еднаш во годината.

Времето и местото на одржување на седниците на Собранието се утврдуваат со посебна одлука на Управниот одбор на МЗМП.

Собранието го свикува Претседателот на МЗМП и тоа:

- согласно став 2 од овој член;
- по барање на најмалку 1/3 од членовите на Собранието, поднесено до Управниот одбор на МЗМП;
- по барање на Управниот одбор на МЗМП.

Вонредната седница на Собранието се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.

**Член 19**

Собранието го отвора и со него раководи Претседателот, а во негово отсуство се избира претседавач на предлог од најмалку еден член на Собранието, кој ќе биде поддржан од нозинството од присутните членови на Собранието.

Собранието се свикува со покана до сите членови испратена по електронски пат и со објавување на веб страната на МЗМП најдоцна 14 дена пред одржување на Собранието.

Во поканата е содржан предлогот на дневниот ред за работата на седницата.

Најмалку три дена пред оддржувањето на собранието, по електронски пат до членовите се доставуваат материјалите за оддржување на Собранието (предлог на одлуки, извештаи, планови, стратегии итн.).

**Член 20**

Собранието работи доколку присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број на членови на МЗМП со уредно подмирена членарина. Во случај Собранието да го оствари потребниот кворум за оддржување на седница, се презакажува седницата на Собранието која мора да се оддржи во рок од триесет (30) дена од првично закажаниот датум за оддржување на седницата.

Собранието своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови на седницата, освен доколку со овој Статут за определени прашања не е поинаку утврдено.

Гласањето на Собранието е јавно.

Собранието ќе одлучува на тајно гласање во ситуациите предвидени со овој Статут или на предлог на членовите на Собранието, кој ќе се поддржи со мнозинство од гласовите на присутните членови на Собранието.

**Член 21**

Од седницата на Собранието се води записник, што се усвојува на првата следна седница на Собранието.

Записникот го води Секретарот.

Записникот го потпишуваат претседавачот на Собранието и Секретарот.

Записникот се потврдува од страна на двајца членови на МЗМП, кои не се дел од управните органи на здружението.

## ВЕРИФИКАЦИОНА КОМИСИЈА

### Член 22

За процедурата на тајно гласање се формира верификациона комисија од три члена од членовите на Собранието која утврдува кој од предложените кандидати е избран.

Членовите на верификационата комисија се предлагаат од страна на присутните членови на собранието, со мнозинство гласови од присутните.

За избрани функционери и членови на органи на МЗМП се сметаат кандидатите за кои се изјасниле мнозинство од присутните членови на Собранието.

Резултатите од изборите се вклучуваат во записникот за одржаното собрание, кој треба да биде потврден од страна на верификационата комисија.

## УПРАВЕН ОДБОР

### Член 23

Управниот одбор на МЗМП брои најмногу 7 членови. Управниот одбор се конституира со избор на најмалку 4 членови.

Мандатот на членовите на Управниот одбор е две години со право на реизбор.

Управниот одбор на МЗМП се избира од страна на Собранието на МЗМП со тајно гласање. Член на Управниот одбор се смета за избран доколку за тоа гласале мнозинство од присутните членови на Собранието.

### Член 24

За член на Управниот одбор на МЗМП може да биде избрано лице кое е член на МЗМП најмалку шест (6) месеци.

Кандидатите за членови на Управниот одбор на МЗМП се пријавуваат на јавен оглас, објавен на членовите по електронски пат заедно со доставувањето на поканата за одржување на годишно собрание.

Кандидатите за членови на Управниот одбор до Управниот одбор ја поднесуваат својата кандидатура со доставување на кратка биографија, предлог програма за работа за време на својот мандат и писмена поддршка на својата кандидатура од најмалку пет (5) членови на МЗМП со право на глас на собранието. Некомплетните кандидатури нема да бидат разгледувани.

Секој член може да поддржи најмногу четири (4) кандидати за членови на Управниот одбор.

Управниот одбор е должен да ги достави комплетните кандидатури до членството најдоцна три (3) дена пред одржувањето на собранието.

### Член 25

Управниот одбор одржува седници по потреба, а најмалку еднаш во 2 месеци.

Во работата на седницата на Управниот одбор може да учествува и Претседателот на МЗМП, но без право на глас.

Членовите на Управниот одбор избираат претседавач на Управниот одбор, со мандат од 1 година.

Претседавачот на Управниот одбор е задолжен за свикување на редовните состаноци на Управниот одбор, уредно водење на записниците од состаноците и комуникација меѓу Управниот одбор, Престедателот на МЗМП, членовите на здружението, лицата ангажирани на проекти на МЗМП и проектните координатори.

Седница на Управен одбор може да биде свикана и на барање на 1/3 од членовите на Управниот одбор или на барање на Претседателот на здружението.

Во случај на спреченост или отсутност на претседавачот на Управниот одбор седниците ги свикува 1/3 од членовите на Управниот одбор.

**Член 26**

Управниот одбор може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половина од вкупниот број негови членови.

Управниот одбор ги носи своите одлуки со мнозинство од присутните членови.

**Член 27**

Во случај на неможност за оддржување на седница на Управен одбор, како и во случаите на итност Управниот одбор може да одлучува и преку гласање по електронска пошта или писмено, по факс или по телефонски пат.

Во случај на одлучување преку допишување, до членовите на Управниот одбор се доставува предлог одлуката или потребните материјали за носењето на одлуката и се определува рок за носење на одлуката кој не може да биде покус од 24 часа.

Одлуките преку допишување се носат со мнозинство од гласовите на членовите на Управниот одбор на МЗМП.

За одлуките кои ќе се донесат по пат на допишување, ќе се изготви записник во рок од пет (5) дена од донесувањето на одлуката, кој ќе биде потпишан од страна на членовите на Управниот одбор на првата наредна редовна седница.

**Член 28**

Секој член на МЗМП има право да присуствува на седницата на Управниот одбор. Заинтересираните членови треба најмалку три (3) дена пред закажаниот состанок навремено писмено да го известат Управниот одбор за својот интерес, за да бидат повикани да учествуваат на првиот нареден состанок на Управниот одбор.

**Член 29**

Управниот одбор на МЗМП назначува Секретар на МЗМП за период од една календарска година.

Секретарот на МЗМП ги има следните должности и одговорности:

- го води и ажурира регистарот на членови на МЗМП;
- редовно испраќа известувања и соопштенија до членовите на МЗМП за активностите на здружението и други вести од нивен интерес;
- на покана на Управниот одбор, учествува на седниците на Управниот одбор во врска со прашања поврзани со членството на МЗМП.

**Член 30**

Управниот одбор ги има следниве права, должности и одговорности:

- ги подготвува седниците на Собранието;
- ги изготвува предлог текстот на Статутот и други акти на МЗМП што треба да ги донесе Собранието и предлага нивни измени и дополнувања;
- изготвува и донесува правилници, упатства програми и други внатрешни акти потребни за редовно и правилно работење на здружението;
- ги изготвува потребните внатрешни акти кои произлегуваат од прописите со кои се уредуваат работните односи, како и прописите за заштита на личните податоци;
- е одговорен за постапките за вработување во МЗМП и формира трочлена комисија во однос на овие прашања;
- се грижи за оддржување на изборите во МЗМП;
- ги назначува Координаторите на Стручните служби на МЗМП;
- избира секретар на МЗМП;
- ја одредува висината на износот на годишната членарина за членовите на МЗМП;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- се грижи за наменско користење и располагање со средствата и приходите;
- одговара за управувањето со имотот на здружението;
- на првата работна седница по изборното собрание со одлука го назначува вториот потписник на сметката на МЗМП, освен Претседателот.
- изготвува Годишниот извештај за работа на МЗМП;
- изготвува консолидиран финансиски извештај на МЗМП;
- по барање на Собранието на МЗМП изготвува Извештаи за работа и
- одлучува за основање на дата база на поранешни членови кои ја надминале старосната граница за членување во МЗМП, но поседуваат висок степен на експертиза и можност за допринес во МЗМП.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Член 31**

Собранието избира Претседател на МЗМП со тајно гласање, со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

Мандатот на Претседателот на МЗМП трае две години со право на реизбор.

**Член 32**

За Претседател на МЗМП може да биде избрано лице кое е член на МЗМП најмалку шест *(6) месеци, активно учествувало во работата на МЗМП и не е член на управните органи на* друго здружение или фондација.

Канидатите за Претседател на МЗМП се пријавуваат на јавен оглас кој се објавува на членството заедно со доставата на поканата за одржување на Собрание на МЗМП.

Кандидатот за Претседател на МЗМП е должен да достави кандидатура во рокот определен во јавниот оглас од став 3 од овој член. Кандидатурата за Претседател на МЗМП треба да содржи кратка биографија на кандидатот, предлог програма на активности за време на мандатот и писмена поддршка на кандидатурата од страна на најмалку десет (10) членови на МЗМП со право на глас на собранието.

Секој член може да ја поддржи кандидатурата на најмногу двајца (2) кандидати за функцијата Претседател на МЗМП.

**Член 33**

Претседателот ги има следниве права, должности и одговорности:

- ја спроведува политиката на МЗМП, усвоена од Собранието на МЗМП и Управниот одбор;
- предлага програма за работа за времето за кое е избран;
- ги потпишува и се грижи за спроведување на актите што ги донесуваат Собранието и Управниот одбор;
- го претставува и застапува МЗМП согласно овластувањата утврдени со овој Статут, националните, регионалните и меѓународните организации и други институции чии член е МЗМП;
- на крајот на секој месец поднесува извештај за работата на МЗМП во тековниот месец до Управниот одбор на МЗМП;
- оддржува редовни контакти со донаторите, партнерските организации и мрежите во кои членува МЗМП;
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги доверат Собранието и Управниот одбор, кои произлегуваат од овој Статут, останатите акти на МЗМП или се утврдени со Закон.

## ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР

**Член 34**

Функцијата на Претседателот и на членовите на Управниот одбор може да им престане со:

- истекување на мандатот за кој се избрани;
- оставка;
- надминување на старосната граница за членување во МЗМП;
- разрешување од страна на Собранието на МЗМП;
- смрт и други случаи предвидени со закон.

**Член 35**

За разрешување на Претседателот, односно на член на Управниот одбор на МЗМП потребно е 2/3 мнозинство од гласовите на присутните членови на Собранието на МЗМП.

Предлог за разрешување на Претседателот, односно на член на Управниот одбор може да поднесе секој член на МЗМП.

Предлогот за разрешување треба да биде образложен и да се достави до Управниот одбор на МЗМП во писмена форма.

Предлогот за разрешување на Претседателот, односно на член на Управен одбор ќе биде разгледуван на следната редовна седница на Собранието. Во случај предлогот за разрешување да е поднесен од страна повеќе од десет (10) членови на МЗМП, истиот ќе биде разгледуван на вонредна седница на Собранието, која треба да се одржи во рок од триесет (30) дена по приемот на предлогот.

## СТРУЧНИ СЛУЖБИ НА МЗМП

### Член 36

Управниот одбор основа Стручни служби за реализација на целите и задачите на МЗМП.

Стручните служби му предлагаат на Управниот одбор проекти, обуки и семинари преку кои настани ќе се актуелизира членството во МЗМП и воедно ќе ги мотивира постојаните членови.

Претседателот на МЗМП ќе ја координира работата на формираните стручни служби.

## ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА МЗМП

### Член 37

МЗМП е претставувано и застапувано од Претседателот.

Во случај на негова спреченост или отсуство, МЗМП е претставувано ~~од еден~~ од Претседателот на Управниот одбор, доколку е спречен член на УО

### Член 38

Претседателот го претставува и застапува МЗМП пред:

- субјектите кои се непосредно заинтересирани за успешно остварување на целите и задачите на на МЗМП ;
- субјектите кои соработуваат со МЗМП и нивните официјални делегации и органи.

При претставување и застапување на МЗМП Претседателот нема право да отстапи од целите и задачите на МЗМП , програмските ориентации и насоки утврдени од Собранието на МЗМП и овој Статут.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ НА РАБОТАТА НА МЗМП

### Член 39

Работењето на МЗМП е јавно и се обезбедува преку :

- достапност на извештаите и другите материјали од работата на МЗМП до членовите на МЗМП, другите заинтересирани лица и нивно доставување до јавноста преку средствата за јавно информирање;

- издавање билтени, весници, информатор, веб сајтови и други публикации;
- организирање на конференции за средствата за информирање;
- издавање соопштенија за јавноста;
- непосредно настапување на овластените преставници на МЗМП пред медиумите;
- други начини кои овозможуваат навремено и вистинито известување на јавноста за рабтата на МЗМП.

## ПРЕСТАНУВАЊЕ СО РАБОТА НА МЗМП

### Член 40

МЗМП може да престане со работа поради:

- неактивност и неисполнување на програмските и статутарните одредби, а по одлука на Собранието донесена со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието на МЗМП ;
- ако настапат други причини утврдени со Закон.

## СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ НА МЗМП

### Член 41

МЗМП стекнува средства и приходи од членарина, прилози, донации и подароци, грантови, проекти, услуги и од други активности и со нив располага во согласност со овој Статут и Законот.

Средствата и приходите се состојат од предмети, парични средства и материјални права.

### Член 42

Секој член има право да бара да изврши увид во користењето на средствата и приходите на МЗМП .

Барањето се доставува во писмена форма до Управниот одбор.

Надзор над законитоста во користењето и располагањето со средства и на соодветното и наменско користење со средствата и приходите на МЗМП .

### Член 43

По престанок на работата на МЗМП, имотот и другите права и приходите што остануваат по намирување на обврските преминуваат во сопственост на Центарот за згрижување на деца без родители 11 Октомври.

## ОСНОВАЊЕ НА ОГРАНОЦИ НА МЗМП

### Член 44

Доколку во понатамошната работа на МЗМП се појави иницијатива и потреба за отварање на ограноци тоа ќе може да се направи со одлука на Собранието која треба да е донесена со мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието.

Ограноци можат да се отворат и работат само на територијален (регионален) принцип.

Доколку се основа огранок, неговата работа се уредува со Правилник, кој го донесува Собранието на МЗМП.

## ТОЛКУВАЊЕ И АМАНДМАНИ НА СТАТУТОТ

### Член 45

Овој Статут може да се менува со:

- донесување измени или дополнување на Статутот;
- донесување на нов Статут.

Право на толкување на Статутот има Собранието на МЗМП, а во период помеѓу две седници на Собранието тоа право го има Управниот одбор.

### Член 46

Иницијатива за измена или дополнување на Статутот може да даде секој член и орган на МЗМП.

Иницијативата за измена или дополнување на Статутот се доставува до Управниот одбор.

Собранието на МЗМП пред секоја седница формира Статутарна комисија која ги разгледува амандманите за измена на Статутот и му предлага на Собранието усвојување на оние кои мисли дека се прифатливи.

За усвојување на амандманите потребно е мнозинство од присутниот број на членови на Собранието.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 47

Сите прашања кои не се регулирани со овој Статут се регулираат со пониските правни акти.

### Член 48

Со донесувањето на овој Статут престанува да важи Статутот на МЗМП донесен на ден 14.03.2013 година врз основа на кој МЗМП е впишан во регистарот на здруженија кои се регистрираат на територијата на РМ под реден број:

### Член 49

Со стапување на сила на овој Статут продолжуваат мандатите на сите избрани и именувани членови на органи и тела на МЗМП.

### Член 50

Овој Статут влегува во сила на денот на донесувањето.

Скопје, 23.09.2014 година

За Македонското здружение на млади правници

Мартина Смилевска, претседател